# СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

## Дали сте информирани за Вашето право?

## Можеби правото Ви е повредено?

## За стручен совет јавете се на бесплатниот телефонски број:

# 0800 44 222

Секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот



**Македонско здружение на млади правници**
Бул. Партизански Одреди 7/6
1000 Скопје, Македонија
Тел: 389 (2) 3220 870
Web: www.myla.org.mk

Проектот „Основање на систем за слободен пристап до информации во Македонија", имплементиран од страна на МЗМП и финансиран и поддржан од Шведскиот хелсиншки комитет за човекови права и Фондацијата Институт отворено општество - Македонија, има за цел:

- промоција и заштита на правото на граѓаните за слободен пристап до информации од јавен карактер
- зголемување на довербата помеѓу граѓаните и јавните институции како сервис на граѓаните
- промоција и заштита на загарантираните човекови права, и јакнење на принципот на владеење на правото во Република Македонија
- имплементација на меѓународните и европските стандарди од оваа област.

Ако не сте сигурни кои се Вашите права во врска со слободниот пристап до информации од јавен карактер или пак Вашето право е повредено, јавете се на бесплатниот телефонски број 0800 44 222 или посетете ја страницата www.spinfo.org.mk и ние ќе Ви помогнеме. Ќе Ви го објасниме правото загарантирано со Уставот на Република Македонија и ќе Ве упатиме како да постапите доколку истото Ви е повредено.

Swedish Helsinki Committee for Human Rights

**Шведски хелсиншки комитет за човекови права**
Даме Груев 7/9-13, 1000 Скопје, Македонија
Тел/Факс: +389 (2) 322 4959
www.shc.se

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**Фондација Институт отворено општество - Македонија**
Бул. Јане Сандански 111, 1000 Скопје, Македонија
Тел: +389 (0) 2 244 4488, Факс: +389 (0) 244 4499
www.soros.org.mk

**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**
Бул. Гоце Делчев 66, Скопје, Македонија
Тел 02 3118 038 / 02 3127 453
www.sinf.gov.mk

# СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР



## БАРАТЕЛ
### на информација

Секое домашно или странско физичко или правно лице

## БАРАЊЕ*
### Содржина

» Наведување на иMателот на информацијата
» Опис на информацијата што се бара
» Форма во која се бара
» Начин на доставување на информацијата (пошта, телефон, факс, e-mail и друго)
» Назначување на барателот (име и презиме, назив, адреса, тел, факс, e-mail)
» Датум и место на поднесување на барање
» Потпис

* Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер

## ИМАТЕЛ
### на информација

» Органи на државна власт
» Други установи и институции утврдени со закон
» Органи на општините, на Градот Скопје и општините во градот Скопје
» Јавни установи и служби
» Јавни претпријатија
» Физички и правни лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес утврдени со закон

## ИНФОРМАЦИЈА
### (Форма на добивање)

» Увид
» Препис
» Фотокопија
» Електронски запис

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

Во рок од три дена од приемот на известувањето од имателот на информацијата
» Ако барателот не го дополни - се смета за повлечено
» Ако повторно не ги исполнува условите да се постапи по истото – имателот ќе донесе решение за отфрлање

## ПРЕПРАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО

» Доколку имателот не располага со информацијата - должен е веднаш, а најдоцна во рок од 10 дена да го препрати барањето до вистинскиот имател на информацијата и да го извести за тоа барателот.

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО

**најдоцна во рок од 30 дена од приемот на барањето**

» Позитивно – имателот изготвува записник
» Негативно – одбива целосно или делумно со решение (неопходно е образложение на причините за одбивање)
» Продолжување на рокот – за 10 дена во случај:
- Обемност на бараниот документ
- Имателот овозможува делумен пристап до информација*

* Отстранување на деловите кои содржат информации кои не се од јавен карактер, поточно се заштитени со степен на тајност според Законот за класифицирани информации

## ЖАЛБА
### Содржина

» Подносител – назив, име и презиме, адреса, телефон, факс, e-mail
» Податоци за имателот- назив, име и презиме, адреса, телефон, факс, e-mail
» Причини поради кои барателот не ја добил информацијата (жалбена основа)
» Број на решение или доказ за пропуштен рок од страна на имателот
» Датум и место на кои имателот го доставил решението до незадоволната странка
» Датум и место на поднесување на жалба
» Потпис

Се поднесува до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер

**Рок - 15 дена** од денот на приемот на решението со кое имателот на информацијата го одбил барањето
**Рок – 8 дена**
» во случај кога имателот е должен за продолжувањето на рокот за добивање на информација да го извести барателот, но не го стори тоа, три дена пред истекот на првобитниот рок;
» во случај кога имателот е должен да одговори на повторно барање доставено од барателот, а тоа не го стори во рок од 10 дена од приемот на повторното барање;
» во случај кога барањето е во целост или делумно одбиено согласно законските одредби (член 6 став 1)

**Молчење на администрација** – барателот има право на жалба доколку во законски предвидениот рок, имателот на информацијата не одговори на поднесеното барање.

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер решава по жалбата на барателот во **рок од 15 дена** од денот на приемот на жалбата.

## УПРАВЕН СПОР

Во управен спор се одлучува за законитоста на одлуките на Комисијата за заштита на правото за слободниот пристап до информации од јавен карактер или за непостапување по жалба на барателот на информацијата од јавен карактер од страна на Комисијата.

» **УПРАВНИОТ СУД ОДЛУЧУВА ВО УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ПРВ СТЕПЕН**

» **ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДЛУЧУВА ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ СРЕДСТВА**

» **СТРАНКИ ВО УПРАВЕН СПОР**
- **ТУЖИТЕЛ** – Барател на информација од јавен карактер
- **ТУЖЕН** – Комисијата за заштита на правото за слободниот пристап до информации од јавен карактер

**УПРАВНИОТ СПОР СЕ ПОВЕДУВА СО ТУЖБА ПРОТИВ КОНЕЧНА ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ВО УПРАВНА ПОСТАПКА ИЛИ ПО ОСНОВ НА МОЛЧЕЊЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА ПО ПОДНЕСЕНА ЖАЛБА ОД БАРАТЕЛ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**ТУЖБА**
Се поднесува во рок од 30 дена од доставување на конечната одлука во управната постапка

» **ЕЛЕМЕНТИ НА ТУЖБАТА**
- Име и презиме и место на домување на тужителот односно назив и седиште на правното лице определено во Централниот регистар
- Одлуката против која е насочена тужбата
- Причината поради која се тужи, какои и во кој правец и обем се предлага поништувањето на одлуката

» **СУДОТ ГО РЕШАВА СПОРОТ СО ПРЕСУДА**

» **ПРЕСУДАТА ИМА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН КАРАКТЕР**
Доколку е поништена конечната одлука на Комисијата, истата е должна да донесе нова одлука во рок од 30 дена од доставувањето на пресудата.

**ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ**

» **ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКА**
Рок за поднесување на барањето за повторување на постапка
- Субјективен рок – најдоцна 30 дена од денот кога странката дознала за причината за повторување,
- Објективен рок – најдоцна 5 години од правосилноста на пресудата